АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.09.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5345 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 август 2015 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 септември 2015 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:**

– *На 09.01.2015 година, за непочитување на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-145, 09.01.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.*
*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис емитуван на 14 и 15 февруари 2015 година, беше констатирано дека во целост постапил по решението за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-145, 09.01.2015 година), односно ја отстранил извршената повреда на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.*

– *На 12.02.2015 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-384, 12.02.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.*
*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис емитуван на 29-30 февруари 2015 година, беше констатирано дека во целост постапил по решението за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-384, 12.02.2015 година), односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 4 август 2015 година, **не се констатирани прекршувања** на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на подзаконските акти.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***